РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 04-3574/1
06-11-2026 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 5 од Правилникот за начинот на селекција, избор, подготовка, упатување и враќање на воениот и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, на национална или меѓународна должност во земјата и во странство бр.01-2300/1 од 16.07.2026 година, министерот за одбрана распишува

ИНТЕРЕН ОГЛАС
ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ ШТАБЕН ОФИЦЕР ВО ДИРЕКТОРАТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ / J-7 ДИВИЗИЈА ВО СОЈУЗНИЧКАТА КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ ВО ВРХОВНИОТ ШТАБ НА СОЈУЗНИЧКИТЕ СИЛИ ЗА ЕВРОПА, МОНС, КРАЛСТВО БЕЛГИЈА

1. Се распишува интерен оглас за избор и упатување на должност Штабен офицер во Директорат за планирање/ J-7 Дивизија во Сојузничката команда за операции во Врховниот штаб на сојузничките сили за Европа во Монс во Кралство Белгија, за период до 3 години.

2. **За работното место од точката 1 на овој оглас, кандидатите треба да ги исполнат следните услови**:

- да се во чин потполковник,
- активно да го познаваат англискиот јазик на ниво NATO 3.3.3.3,
- пред упатувањето да поседуваат национален безбедносен сертификат „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и безбедносен сертификат „NATO SECRET“,
- да се државјани на Република Северна Македонија,
- да не се осудувани за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеци, односно за кривично дело во врска со службената должност или за друго кривично дело што ги прави недостојни за претставување на Републиката,
- против нив да не е изречена дисциплинска мерка за дисциплински престап во последните три години,
- да не им е изречена казна, забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да бидат оценети најмалку со службена оценка „се истакнува“ по четирите критериуми и позитивна оценка од физичките проверки во последните три години пред упатувањето (доколку подлежи на истите),
- да имаат општа здравствена и психофизичка способност, која ја потврдува со лекарско уверение не постаро од една година, издадено од овластена медициска установа, односно наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата,
- на денот на упатување да поминале најмалку 24 месеци од денот на враќање од претходната должност.

3. **За предност на исто рангирани кандидати ќе се смета доколку имаат:**

- поминат процес на стручно оспособување и усовршување, согласно со потребите од работното место на кое се врши упатување,
- работно искуство во Министерството или Армијата на сродни должности со местото на кое се врши упатување,
- познавање на втор странски јазик различен од англискиот и тоа еден од процедуралните јазици на Европската унија на ниво еквивалентно на нивото Б1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат,
- познавање на службениот јазик на земјата на приемот, различен од англискиот на ниво еквивалентно на нивото А1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат,
- работно искуство во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации, на работи и задачи односно должности од областа на која се упатуваат на должност,
- завршено курс ETE-CT-21180 – NATO Exercise Planning Course (EPC) ADL-136,
- завршено курс ETE-MW-3834 – NATO Orientation Course.

4. Кандидатот кој ќе биде избран за работното место од Огласот ќе треба да одговори на следните работни задачи:

Главни должности:

Служи како офицер за примарна одговорност (OPR) за Вежба за проба на мисијата - Mission Rehearsal Exercise (MRX), Предупатна обука - Pre-deployment Training (PDT) или Обука за клучни лидери - Key Leader Training (KLT) активности за која Врховниот сојузнички командант за Европа - SACEUR е офицер за симулации на вежба (OSE) или за која е потребна координација на стратешко ниво.

- Придонесува кон развивањето на параграфот „Concept“ во Годишно упатсво на SACEUR за образование, обука, вежби и оценување - ETEE (SAGE), две години пред реализацијата,
- Ја развива и координира Спецификацијата на вежба - Exercise Specification (EXSPEC) со Групата за планирање на вежбата - Exercise Planning Group (XPG) на OSE,
- Го насочува и олеснува планирањето и реализацијата согласно фокусираните и приоритетните цели и задачи, како претставник на OSE во рамките на Основниот планерски тим - Core Planning Team (CPT),
- Обезбедува интеграција и остварливост на приоритетните цели за обука, евалуација, експериментирање и Стратешки комуникации - STRATCOM, одобрени од OSE,
- Го насочува, прима и користи анализирањето и извештаите по завршувањето на секоја фаза од Процесот на планирање и реализација на вежба - Exercise Process (EP),
- Обезбедува Листа на идентификувани лекции - Lessons Identified List (LIL) да биде ажурирана кога е потребно,
- Собира и споделува најдобри практики.

Поддржува ситуациска свесност, процес на донесување одлуки и проценка поврзани со сопствената MRX/PDT/KLT активност.

- Олеснува размена на информации меѓу сите засегнати страни,
- Обезбедува ажурирани информации кога е потребно,
- Бара и применува насоки и упатства согласно потребите,
- Обезбедува проценка.

Обезбедува поддршка на SHAPE со експертиза и знаење од областа на PDT/MRX/KLT.

- Придонесува кон развивањето на SHAPE Internal Training Directive (AD 075-014) со релевантни информации за PDT/MRX/KLT,
- Ја развива и обработува наредбата на Началникот на SHAPE (COS Staff Order) поврзан со PDT/MRX/KLT, кога е потребно,
- Врши тековно информирање на дивизиите на SHAPE во однос на PDT/MRX/KLT, согласно потребите,
- Подготвен за распоредување во НАТО мисии заради врска, прибирање факти, проценка или обезбедување помош во услови на криза, на привремена основа,
- Подготвен да учествува во оперативната група на SHAPE J7 во рамките на Големата заедничка вежба – Major Joint Exercise (MJX), каде што се реализира обука во зоната на операции.

Придонесува кон експертизата за Exercise Process (EP) во рамките на НАТО.

- Го поддржува процесот на научени лекции (Lessons Learned) поврзан со EP,
- Собира и споделува најдобри практики поврзани со EP,
- Придонесува кон разгледувањето на NATO Collective Training and Exercise Directive (Bi-SC 075-003) и други релевантни директиви, согласно насоките,
- Редовно реализира Курсеви за планирање на вежби - Exercise Planning Courses (EPC),
- Обезбедува совети за PDT/MRX/KLT на Канцеларијата со примарна одговорност - Office of primary responsibility (OPR) од НАТО командната структура (NCS) и НАТО структурата на сили (NFS), согласно потребите.

Дополнителни должности:

Се очекува кандидатот да извршува слични должности на друго место во организацијата, согласно насоките и да реализира оперативни распоредувања и/или задачи за привремено упатување (TDY), како во рамките на НАТО така и надвор од границите на НАТО.

5. Огласот **да се објави на ден** 06.11. 2026 година со истакнување на огласната табла на Министерството за одбрана, достави до сите организациски единици на Министерството, командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија и објави на веб страната на Министерството за одбрана.

6. Рокот за пријавување на кандидатите е **десет работни дена**, сметајќи го и денот на објавување на огласот. Пријавите по Интерниот оглас се доставуваат преку Деловодството на Министерството за одбрана до организацискатa единица надлежна за управување со човечки ресурси заради спроведување на постапката.

7. Кандидатите со пријавата лично до деловодството на Министерството за одбрана или по пошта како препорачана пратка до Министерството треба да достават:

- биографија со сите должности и обуки,
- мотивационо писмо,
- потврда/уверение за неосудуваност од казнената и кривичната евиденција,
- потврда/уверение за неизречена казна, забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- лекарско уверение не постаро од една година, издадено од овластена медицинска установа, односно наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата,
- уверение за познавање на англиски јазик.

8. Постапката по огласот се спроведува согласно Правилникот за начинот на селекција, избор, подготовка, упатување и враќање на воениот и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, на национална или меѓународна должност во земјата и во странство бр.01-2300/1 од 16.07.2026 година.

9. Кандидатите кои ќе поминат административна селекција, а кои не поседуваат валиден сертификат за познавање на англиски јазик STANAG 6001, ќе се упатат на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард.

10.Некомплетните и ненавремено доставените документи по огласот нема да бидат разгледувани.

11. Решението за избор се објавува на огласната табла во Министерството за одбрана, на веб страната на Министерството, како и се доставува до пријавените кандидати и до организациските единици кои имаат обврски во процесот на подготовките и упатувањето на лицето на национална или меѓународна должност.

Изработила: Елена Иванова
Согласни: Ирена Станковска
Крсте Малинковски
Одобрила: Елизабета Чуповска Ристова

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Доставено до:
- Кабинетот на министерот за одбрана
- Државен секретар
- Генералштаб на Армијата
- Сите организациски единици
- Воена академија
- Веб страна на МО
- Архива.